ЈП ПАЗАРИШТА - NP TREGU
Бр. Nr. 02-455/15
01.12.2023
КУМАНОВО - KUMANOVË

ПАЗАРИШТА
TREGU
КУМАНОВО-KUMANOVË

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИШТА КУМАНОВО ЗА 2024 ГОДИНА

***Куманово , Декември 2023 година***

Врз основа на член 21 од Статутот на Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово Управен одбор на Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово на седница одржана на 01.12.2023 година ја донесе следнава:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НАЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИШТА КУМАНОВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Прогамата зараброта на Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово во 2023 година е фокусирана на подобрување на квалитет на услуги кои се нудат и обезбедување на нови извори на приходи преку проширување на обем на работа.

Подобрување на квалитетот на услугите и јакнење на материјалната основа на Претпријатието, останувaат траен приоритет на Претпријатието.

Ј.П.Пазаришта во својот делокруг на работи, стопанисува со Зелен Пазар, на ул.ЈНА кој е поделен на 4 нивоа како посебно организирани делови, а има и дел наменет за продажба на цвеќе., Реонски Пазар на бул.Октомвриска Револуција, Добиточен Пазар во с. Долно Којнаре, како и со деловен простор во состав на двата зелени Пазари и деловен простор над Соколански парк.Во состав на Добиточниот пазар функционира и Пазар на стари работи кој се оддржува во сабота и недела.Претпријатието е организатор на Новогодишен и 8-Мо мартовски базар.

## 1. ЗЕЛЕН ПАЗАР

На централниот Зелен Пазар Ј.П.Пазаришта стопанисува со 675 тезги и продажни места како и 16 контејнери, 24 боксови и 11 магацини кои се формираат согласно потребите од работење,а кои во најголем дел се издаваа во текот на целата година,но во последниве години интересот на закупците се повеќе опаѓа.

Првото ниво на Зелениот пазар, каде се врши трговија со земјоделски производи, е покриен со настрешници кои во 2019 беа заменети на централниот дел со лексан плочи и со тоа се обезбеди поголема видливост.

На централниот Зелен пазар во 2024 се планира да биде реализирано:

Како програмска определба останува концептот за бетонирање на 1 ниво на подлогата со соодветен бетон како и реконструкција наподлогата на Трето ниво, кои се концепирани да се остварат преку аплицирање на отворени повици со веќе изготвени проекти, а преку кои веке успешно е реконструирано Прво и Второ ниво на Зелен пазар.

Во 2024 година се планира да се изврши замена на веќе постоечките тезги коишто се дотраени со современи модерни тезги од инокс,алуминиум или сличен матријал пркеу споствени средства доколку се обезбедаат или преку проектни активности продолжуваме со преуредување на целокупна електрична инсталација на Зелен пазар на сите нивоа како и на административна зграда од причина што целокупна инсталација е дотрајана, често пати надградувана и премостувана и ке се бара најсоодветен начин како да се обезбеди непречено снабдување се електрична енергија и да се намали потрошувачка која делумно е намалена и со замена на постојното осветлување со лед сијалици.

Јавното Претпријатие ПАЗАРИШТА Кумановово 2024 година своето работење ќе го насочи во правец на понатамошна анализа на можност за целосно искористување на 20 мобилни штандови кои се дадени на трајно користење од страна на Општина Куманово, а кои во овој момент се користат за организирање на новогодишен базар и за 8-мо Мартовски базар ,се планира да се организира 2 пати годишно Панаѓур на Спортскиот аеродром Аџитепе доколку Општината и Советот на Општина Куманово даде одобрение за користење на тој простор.

Определбата за обезбедување на картичен паркинг систем со цел да се модернизира паркингот со кој стопанисува Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово останува и оваа година и е зависна од финансиската состојба на Претпријатието.

## 2. РЕОНСКИ ПАЗАР

Реонскиот пазар на улицата Октомвриска Револуција, како пазар од времен карактер е завршен и предаден воу потреба во 2006 година. Реонскиот ЗеленПазар располага со 106 тезги и 280 м.2 деловен простор за кој интерес на закупците континуирано опаѓа секоја година.

На Реонскиот зелен пазар во 2024годинасе планира дабидереализирано:

-Доколку од Општина Куманово се добие дозвола за градба на деловни објекти се планира да се изградат деловни простории покрај сегапоставената ограда којашто ќе биде остранета со тоашто деловните простории ќе имаат поглед на улицата,изворите на финансии за овој проект ќе се бараат од Општина Куманово или од некои други алтернативни решенија.

## 3. ДОБИТОЧЕН ПАЗАР

Добиточниот пазар се наоѓа во с. Долно Којнаре и истиот зафаќа површина од околу 4 хектари, уреден е по сите барања на Правилникот за изградба на ваков вид објекти односно располага со боксови за крупен и ситен добиток, две ваги, истоварно утоварна рампа, санитарен јазол,административен објект, уреден и одвоен од пазарот како и паркинг простор.

Работењето на Добиточен пазар во делот на негова основна намена организирање на Добиточен пазар зависи од дозволеноста за работење која ја определуваат надлежните органи пред се Агенција за храна и ветеринарство.

## 4.ПАЗАР ЗА СТАРИ РАБОТИ

Пазарот за стари работи се организира секоја сабота и недела во с. Долно Којнаре.

## 5. НАПЛАТА НА ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ

Ј.П.Пазаришта во изминатите четири години врз основа на договор за закуп издаваат месечни фактури.Програмата за наплата постојано се надградува и доградува, а особено согласно обврска за пријавување на закупци на месечно ниво во УЈП заради паушално оданочување во 2019 година изврши низа измени.

Издавањето на тезгите во 2024 година ќе се врши согласно Ценовникот и Правилникот за пазарен ред како и согласно Пишани процедури за издавање на тезги а особено:

- ќе се врши натамошно групирање на тезги според видот на производи;
- ќе се продолжи со воведениот дневен закуп за тезги;.

-Издавање на деловен простор и земјиште со кое располага Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово ќе се врши по пат на постапка за јавно наддавање која успешно за првпат беше спроведена преку Комисија наОпштина Куманово во 2015 година, врз основа на проценка на деловни објекти од страна на овластен проценител и со објавување на јавен оглас.

За сите нередовни плаќања ке се поведуваат соодветни постапки пред надлежни нотари и извршители.

## 6. НАПЛАТА НА ЗАКУПНИНА

Наплатата на закупнината за изнајмениот деловен простор веќе се врши на ефикасен начин, при што благовремено со закон предвидените рокови се реагира кај секој закупец кој доцни соплаќање на закупнината а особено:

- при склучувањето на нови договори се врши солемнизација на договорите кај нотар и се применуват клаузули за извршност, согласно Законот за Извршување, кои се основ за присилна наплата, без да се водат долги и скапи судски постапки.

-За нередовно плаќање се испракаат опомени до закупите

-инструментот на платен налог кој во последно време е најефикасно средство за наплата побарувања,веке се поведени постапки према сите закупци на тезги кои не извршиле навремено плаќање кое нешто како механизам се покажува особено ефикасно теоретски од причина што побарувањето е обезбедено и заштитено од застареност но пракса се запира до блокирање на сметки на закупците и често со години се чека за да се наплати побарувањето.

-во рамките на важечките законски прописи ќе се користат нај рационалните решенија за благовремена наплата на закупнината;

-редовно ке се поведуваат со закон утврдените постапки за навремена на платана закупнината;

-за нередовните закупци ќе се вода тпостапки за иселување од деловните објекти;

-за закупците кои доцнат со плаќањето на закупнината ќе се пресметуваат и на платуваат законски казнени камати.

## 7. ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА

Одржувањето на хигиената на Зелениот пазар останува сложено прашање.

Зелениот пазар е отворен и работи секој ден, независно од државните и верски празници. На Пазарот фрекфенцијата е мошне голема во услови на неадекватни приоди и биздоволно паркинг места. Дотурот на земјоделските производи е отежнат заради приодите на пазарот и производите се претовараат и до тезгите се доставуваат рачно или со прирачни колички и сл.

Одржувањето на хигиената наЗелениот и Добиточниот пазар ќе се врши особено преку:

-воведување на поголем ред во поставеноста и распоредот на тезгите на Зелениот пазар;

-забрана за складирањ еодносно оставање на производи по крајот на работното време и забрана за оставање на амбалажа од продадените производи;

-редовно перење на површината на Пазарот и тезгите согласно HACCP проектот и политиката за оджување на хигиената на пазарите;

-редовно однесување на сметот согласно HACCP проектот и политиката за управување со отпадна Пазарите;

-по потреба ангажирање на дополнителен број на работници за одржување на хигиената;

-снабдување на пазарот во точно утврдени термин на денот согласно HACCP проектот и пропишаните стандарди;

-ќе се набави дополнителна опрема и средства за одржување на хигиена

- ќе се изврши дезинфекција и дезинсекција од страна на надлежни институции како континуирана пракса во последниве години.

## 9. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Во 2024 година Јавното претпријатие "Пазаришта" планира да оствари приход поголем од вкупниот приход остварен во 2023 година.

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| -Зелен пазар – закупнина на тезги | 18.700.000 |
| -Зелен пазар-цветен пазар | 500.000 |
| -Добиточен пазар | 250.000 |
| - Пазар за стари работи | 2.700.000 |
| -Реонски Пазар – закупнина на тезги | 600.000 |
| -Закупнина на деловен простор | 7.560.000 |
| -Приходи од паркинг | 1.700.000 |
| -Приходи од Базари | 200.000 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 32.210.000 |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ:

| | |
|---|---|
| 01.Бруто плата | 18.600.000 |
| 02.Надомест на Управени Надзорен одбор | 500.000 |
| 03.Електрична енергија | 3.600.000 |
| 04.Трошоци за вода | 450.000 |
| 05.Трошоци за изнесување на смет | 900.000 |
| 06.Телефонија и интернет | 50.000 |
| 07.Одржување на програми за наплата | 70.000 |
| 08.Одржување на финансиски програми | 70.000 |
| 09.Осигурување на имот | 50.000 |
| 10.ПТТ услуги | 30.000 |
| 11.Патни и дневни трошоци | 20.000 |
| 12.Канцелариски материјал | 100.000 |
| 13.Нафта за греење | 400.000 |
| 14.Гориво завозила | 100.000 |
| 15.Резервни делови за возило | 20.000 |
| 16.Средства за хигиена и дезинфекција | 150.000 |
| 17.Стоки за тековно оддржување | 120.000 |
| 18.Нотарскиуслуги | 100.000 |
| 19.Админ. и судски такси | 50.000 |
| 20.Трошоци за платен промет | 70.000 |
| 21.Трошоци за агенцијаза посредување при привремено вработување | 220.000 |
| 22. ХТЗ- опрема | 50.000 |
| 23.Компјутери принтери и компјутерска опрема | 100.000 |

24.Амортизација 1.200.000
25.Плата на вработени преку агенција за посредување при привремено вработување 2.000.000
26.К-15 регрес за годишен одмор 900.000
27.Вонредни расходи 100.000
28.Банкарски трошоци 50.000
29. Целосно нова електрична мрежа 2.000.000

**ВКУПНО РАСКОДИ** 32.070.000.

Предлагач:
Ј.П.ПАЗАРИШТА-Куманово
Директор
Гзим Кадрији

Куманово

01.12.2023

УПРАВЕН ОДБОР НА
Ј.П. ПАЗАРИШТА - КУМАНОВО

Претседател,
Ирена Марковска Димитриевска

ЈП ПАЗАРИШТА - КУМАНОВО СО Ц.О. ЈП ПАЗАРИШТА КУМАНОВО Ц.О. NP TREGU KUMANOVE P.P. NP TREGU - KUMANOVE ME P.P.